**20242233902**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 октомври 2024 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОБРАЗУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ

Член 1

Во Одлуката за образување на Национална комисија за мало и лесно оружје („Службен весник на Република Македонија бр. 177/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/23), во член 2 во ставот (2) по зборовите „Министерство за надворешни работи” се додаваат зборовите „и надворешна трговија”, а по зборовите „Министерство за економија” се додаваат зборовите „и труд”.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-9233/4
29 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.